РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.12/19,,), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупција постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат поноситeл – физичко лице на 46-та седница, на продолжението на седницата одржано на ден 19 Февруари 2021 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата за корупција бр. 12-3308 од 27.06.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител – физичко лице од -------------------, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3308 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-3308 од 27.06.2019 година.

Предметот со број 12-3308 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**Образложение**

Предметот со број 12-3308 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-3308 од 27.06.2019 година, со придружна документација, доставена од познат подносител – физичко лице, ------------------------------------- од --------------------------, преку полномошно издадено на ----------------------------.

Со наводите од предметната пријава се изразуваат сомневања за корупција во постапувањето на два извршители кои постапувале во постапка за извршување на правосилна пресуда врз основа на која подносителот има парично побарување по основ на неисплатени плати и придонеси. Должник во конкретниот случај е -----------------------------------------------------------------------------.

Извршувањето, првично, доверителот го доставил на реализација преку извршител за подрачје на Основен суд -----------------------------, лицето -------------------------- и при тоа истиот е незадоволен од начинот на работа и од неуспехот на извршувањето од имотот на должникот.

Подоцна, доверителот го предал извршувањето на извршителот, за подрачјата на Основен суд -------------------------------------, -------------------------------. По преземени дејствија со Заклучок на овој извршител трошоците на извршување се утврдени на износ од --------------------, а подносителот и од овој извршител останал незадоволен бидејки биле спроведени две јавни усни продажби на недвижности на должникот кои биле безуспешни.

Меѓу другото, подносителот на пријавата како прилог доставил Извештај за процена на недвижен имот на КП ------------------------- и Уверение за историски преглед на запишувања за истата КП од каде се гледа дека КП била во државна сопственост со корисничко право, а потоа се евидентирани две барања за приватизација на градежно земјиште.

Подносителот доставил претставка и по неговата претставка постапувала Комората на извршители на РСМ од која истата е отфрлена како беспредметна со образложение дека не се утврдени причини и не се поведува дисциплинска постапка спрема односниот извршител-и.

Освен спрема извршителите подносителот изразува незадоволство и од постапувањето на адвокатот кој го застапувал, адвокат -------------------------, доделен по службена должност, како и спрема проценителот во постапката.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај и по целосно проучување на сите расположиви списи - Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека наводите од предметната пријава не укажуваат на корупција - злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, а кои би можеле да се подведат под основи на сомневање за сторени кривични дела од Глава триесетта - Кривични дела против службената должност од Кривичниот законик на Република Северна Македонија и/или под основи за поведување постапка за утврдување на одговорност на службени лица согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Од причини, како е погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата, одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 19 Февруари 2021 година под број 12- _________ /_____**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: Х.М. Советник

Доставено до
-Архива
-Подносителот